**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2023 ГОД.**

Врз основа на Закон на младинско учество и младински политики (Службен весник на Република Северна Македонија ,, бр.10/20), како и врз основа на член 38-е од Стаутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка " 8/10,12/10, 9/14, 2/18, 3/19, 8/21, 1/23 ,5/23 и 14/23) а по предлог на Локалниот младински совет на Општина Крива Паланка,Советот на Општина Крива Паланка на советот на 07.12.2023 година донесе:

**Програма за работа наЛокалниот младински совет**
**на Општина Крива Паланка**

Младите се иницијатори и носители на општествените промени, како во државата така и на локално ниво во општина Крива Паланка. Младите се извор на идеи и иновации, потенцијал кој треба да се искористи и насочи кон социјален, економски и културен на општината. Програмата на Локалниот младински совет има за цел да изгради партнерство помеѓу институциите, граѓанските здруженија и невладини организации, градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка, и пред се младите лица од Крива Паланка за поголема инклузивност, социјален дијалог и интегрираност на младите во носењето на политиките за млади во општина Крива Паланка.

Годишната програма е во насока на остварување на одредени тематски области дефинирани во Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија како и Локалната стратегија на млади 2019-2024 година, прилагодени на локално ниво за потребите на младите во општина Крива Паланка.

Тематски области на Годишната програма за работа на Локалниот младински совет за 2024 година

- **образование**
- **младинско учество**
- **култура**
- **спорт**

Во сите тематски области, родовата компонента е вклучена на хоризонтално ниво.

- **Образованието** претставува најструктуриран и најсистематизиран начин на влијание врз животот на децата и младите преку кој тие усвојуваат знаења, градат ставови и стекнуваат вештини. Едукација на младите ќе се одвива преку вклучување на младите лица од општината во работилници и семинари за едукација на младото население во области кои ќе бидат од нивна корист и општо добро на заедницата во овој процес младите ќе се стекнат со знаења и вештини кои ги прават компетентни на пазарот на трудот.

- **Младинското учество** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Младинското учество како клучен механизам ќе води кон подобрување на квалитетот на животот на младите во општината, преку еднаква вклученост на жените и мажите и етничките заедници кои живеат во општината во креирањето, донесувањето и реализацијата на политиките кои се од интерес на младите.

- **Културата** е фактор кој го поттикнува социјалниот развој кај младите, ја зголемува општествената поврзаност и ја профилира сликата на една општина. На културен план младите можат да придонесат во повеќе области вклучувајќи музика, театар, уметност, фестивали и поддршка во културни настани во општината. Тоа подразбира планирање и иницирање на настани, поддршка на локална група на млади и индивидуалци кои делуваат во областа на културата.

- **Во областа спорт,** ЛМС ќе иницира и поддржува спортски активности наменети првенствено за младите но и за повозрасното население заради промоција на здрав живот, подобрување на физичката и менталната благосостојба на младите и насочување кон здрав начин на живот.

➢ **Цели на програмата на ЛМС се**

- зајакнување на учеството на младите во процесот на креирање на политики за млади и унапредување на интересите на младите на локално ниво

- **Начин на финансирање**

Според Законот за младинско учество и младински политики од Буџетот на Општина Крива Паланка треба да се издвојат средства од 0,1% на годишно ниво.

Финансиските средства за реализација на Годишната програма за работа на ЛМС за 2024 година се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година во вкупен износ од 100.000,00 денари. Средствата се активностите на ЛМС се предведени во Програмата за млади со можност и за други извори на финансирање.

- **Извршител на програмата**

Задолжен за извршување на активностите предвидени во оваа Програма е Локалниот младински совет, во соработка со Општина Крива Паланка и службеникот за млади во Општина Крива Паланка.

Локалниот младински совет во соработка со службеникот за млади во Општина Крива Паланка на годишно ниво изработуваат извештај за работа на ЛМС и реализација на предвидените активности во програмата.

- **РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка и во рамки на тековните годишни програми на општината.

По потреба оваа програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност Законот за младинско учество и младински политики и со целите на Програмата за млади на општина Крива Паланка и Стратегијата за млади на општина Крива Паланка 2019-2024

- **ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

За реализација на Програмата на Локалниот младински совет ќе бидат ставени на располагање сите човечки и технички ресурси со кои располага Општината. Во исто време ЛМС активно ќе работи на унапредување на соработката на младински организации и младински тела на локално ниво.

- **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува на сила осмиот ден од денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе биде применета од 01.01.2024

**Бр. 09-5620/27**
**07.12.2023**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

**АКЦИСКИ ПЛАН**
**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма на Локалниот младински совет за 2024 година на Општина Крива Паланка**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Буџетска програма и конто** | **1** | **ЦЕЛ: зајакнување на учеството на младите во процесот на креирање на политики за млади и унапредување на интересите на младите на локално ниво** | | | | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати /Индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| | **- учество на младите во процесот на креирање и носење на одлуки** | - воспоставување на соработка помеѓу ЗГ, културните и спортските друштва како и други форми на младинско здружување<br><br>- присуство на претставник на ЛМС на седници на Совет на Општина Крива Паланка<br><br>- учество на ЛМС при креирање на програмите за работа на Општина Крива Паланка<br><br>-предлагање на точки на дневен ред на Совет на Општина кои ги засегаат младите<br><br>- учество на младите во работилници<br><br>- учество во форуми<br><br>- младински иницијативи | јануари-декември | - број на работилници и настани во кои учествувал ЛМС<br><br>- број на седници на Совет на општина Крива Паланка на кој присуствувал претставник на ЛМС<br><br>- број на предлози од млади за активности во програмите за работа на Општина Крива Паланка<br><br>- учество на процент (%) млади во буџетски форуми<br><br>- број на поднесен иницијативи од страна на млади | Општина Крива Паланка | 100.000.оо мкд |
| | | | | | | |